# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 25.06.2026 ГОДИНА<br>БРОЈ 6 ГОДИНА 2026<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на Согласност**
**на Статутот на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за давање на Согласност на Статутот на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 25.06.2026 година.

2. Одлуката за давање на Согласност на Статутот на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-876/2 — Градоначалник на
25.06.2026 година — Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавни претпријатија (“Службен веник на РМ“ бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 82/20, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25),

член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ’ бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24,,), член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 25.06.2026 година донесе:

**Одлука за давање на Согласност**
**на Статутот на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Статутот на ЈП ’’Пелагонија,, Кривогаштани бр. 01-138/1 од 12.06.2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кривогаштани“.

Бр.08-835/3
25.06.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 и член 29 од Законот за Јавни претпријатија, („Службен весник на РМ„ бр.38/96; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007 и 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019; 275/2019; 89/2022.), Управниот одбор на Јавното претпријатие „Пелагонија„ – Кривогаштани на својата седница одржана на ден 11.06.2026 година донесе :

# СТАТУТ
## на Јавното Комунално Претпријатие „Пелагонија„ – Кривогаштани

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут одблиску се уредуваат, организацијата, управувањето и раководењето со претпријатието, дејноста, општите акти и постапката за нивно донесување, информирање, планирање заштита и унапредување на животната средина, како и други прашања од важно значење за ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани.

**Член 2**

Јавното Комунално Претпријатие ,,Пелагонија" – Кривогаштани ( во понатамошниот текст ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани) се основа заради вршење на стопанска дејност од комунална област од јавен интерес, кој е незаменлив услов за живот и работа на граѓаните на територијата на Општина Кривогаштани.

Јавното претпријатие има својство на правно лице со своја жиро сметка, за извршените и преземените обврски во правниот промет одговара со целиот свој имот – имотна одговорност.

## I I. ОСНОВАЊЕ

**Член 3**

Основач на Јавното Комунално Претпријатие ,,Пелагонија" – Кривогаштани е Општина Кривогаштани.

## I I I. ДЕЈНОСТ, НАЗИВ, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Член 4**

Предмет на работење на ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани :

Јавното Комунално Претпријатие ,,Пелагонија" – Кривогаштани ќе се занимава со сите евидентирани дејности на надворешен промет и со Националната класификација на дејности (НКД), освен оние дејности за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или друг надлежен орган.

Основна дејност на претпријатието:

36.00 – Собирање, обработка и снабдување со вода,

37.00 – Отстранување на отпадни води, одведување и прочистување на отпадни води.

Покрај основните дејности ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани обавува и други дејности:

38.11 – Собирање на безопасен отпад,

68.20 – Одржување и користење на пазари,

81.29 – Останати услуги за чистење (јавна чистота и чистење на речни корита),

81.30 – Дејности за уредување и одржување на животната средина (одржување на паркови и зеленило).

**Член 5**

Полното име на Јавното претпријатие е Општинско Јавно Претпријатие за Комунални дејности под име Пелагонија. Скратениот назив за Општинското Јавно Претпријатие е Јавно Претпријатие „Пелагонија„ Кривогаштани.

**Член 6**

Главното седиштето на ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани е во Општина Кривогаштани.

**Член 7**

ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани има свој штембил, печат и амблем. Штембилот е со правоаголна форма со димензии 4.5 см должина и широчина 2.5 см на кој е испишано Јавно претпријатие Пелагонија Кривогаштани, бр._____ и под тоа____20___год., а веднаш под текстот стои Кривогаштани. Печатот е со тркалезна форма со пречник од 3.2 см. на чии рабови е испишано Јавно Претпријатие Кривогаштани, а во средината Пелагонија. Амблемот ја претставува дејноста на работењето на претпријатието

**Член 8**

Начинот на употреба, ракување, чување на печатот и штембилот ќе се регулира со посебен акт согласно Законот.

**IV. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ**

**Член 9**

Внатрешната организациона поставеност на ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани ќе се разработи со Актот за организација и систематизација на работни задачи.

**V. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО**

**Член 10**

Органи на ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани се :

- Управен одбор,
- Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење,
- Директор.

## 1. Управен одбор

**Член 11**

Орган на управување на Претпријатието е Управниот одбор. Членовите на управниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие, односно Советот на Општина Кривогаштани. Управниот одбор на јавното претпријатие се состои од од 5 члена. Претседателот на Управниот одбор го избираат членовите на Управниот одбор на ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани.

За претседател и член на управниот одбор на јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен
- образование и

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.
- има минимум три години работно искуство.

Мандатот на членовите на Управниот одбор е 4 ( четири ) години, со право на уште еден последователен мандат.

**Член 12**

Членовите на Управниот одбор не може да имаат лично или преку трето лице и по било кој основ, интереси во претпријатието кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето во јавното претпријатие.

Секој член на Управниот одбор како и Директорот се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес, кај еден или повеќе членови на Управниот одбор.

Неспојливи се функцијата претседател со функциите на претседател и член на Владата на С.Р Македонија како и Градоначалник на општина.

**Член 13**

Управниот одбор на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани, ги има сите овластувања да превзема мерки кои се потребни и корисни за работата на претпријатието во согласност со закон.

**Член 14**

Управниот одбор на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани, ги има сите овластувања да превзема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на јавното претпријатието во согласност со закон.

Управниот одбор на Јавното претпријатие:

- го донесува Статутот на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани,
- ја усвојува програмата за работа и развој,
- ја утврдува деловната политика,
- ја усвојува годишната сметка и тримесечниот извештај за работа на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани, како и тримесечните извештаи,
- одлучува за употреба на средствата остварени со работењето на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани и покривање на неговите загуби,
- донесува одлуки за инвестиции,
- ги утврдува цените на производите и услугите
- одлучува за внатрешната организација и актот за вредноста на бодот во ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани
- врши други работи утврдени со закон, актот на основање, Статутот и актите на претпријатието.

**Член 15**

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува, доколку се присутни повеќе од половина членовите на Управниот одбор. Со работата на Управниот одбор раководи неговиот Претседател.

Одлуките се сметаат за донесени, ако за нив гласале повеќе од половина од членовите на Управниот одбор. Секој член на Управниот одбор при гласање има еден глас. Управниот одбор одлуките ги донесува со јавно гласање.

Членовите на Управниот одбор, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови може да одлучи одделни одлуки да се донесат и со тајно гласање.

**Член16**

На својата прва седница Управниот одбор избира претседател. Претседателот на Управниот одбор го бираат членовите на Управниот одбор со мнозинство од нивниот вкупен број гласови. Мандатот на претседателот на Управниот одбор е четири години.

Претседателот на Управниот одбор ги врши следните работи:

- ги повикува и раководи со седниците на Управниот одбор,
- се грижи за прашањата односно за работите за кои одлучува Управниот одбор, да бидат целосно разработени и за нив да се донесат правилни одлуки,
- ги потпишува одлуките на Управниот одбор и се грижи за нивно извршување,
- врши и други работи определени со закон, статут и актите на претпријатието.

**Член 17**

Општината може на Управниот одбор да му даде насоки за одделни работи од делокругот на Управниот одбор, утврден во член 14 од овој Статут, за кои смета дека се од нивни интерес. Насоките од општ карактер од ставот еден на овај член не може да се однесуваат на секојдневното управување со ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани.

**Член 18**

Начинот на работа на Управниот одбор се утврдува, со посебен Деловник за работа што го донесува Управниот одбор.

**Член 19**

Основачот на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани дава согласност на:

- Статутот на претпријатието,
- Статусните промени,
- Акт за употреба на средства остварени со работењето на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани и покривање на загубите,
- Акт за задолжување на претпријатието,
- Акт со кој се утврдуваат цените на производите и услугите, доколку не се предмет на регулирање,

- Акт за плати – бод,
- Годишната сметка и извештајот за работењето на претпријатието,
- Годишната програма за работа, развој и инвестициона програма.

**Член 20**

Основачот, на вишокот на средства остварени од работењето на ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани, ги вложува во претпријатието врз основа на детални финансиски планови.

Претпријатието е должно еднаш годишно да изработува детален финансиски план, кој ќе ги следи сите приходи и расходи, како и инвестициите, со динамиката на нивно реализирање.

## 2. Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење

**Член 21**

За вршење контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие се формира надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење, составен од 3 члена. Членовите на надзорниот одбор ги именува и разрешува Советот со мандат од 4 (четири) години.

**Член 22**

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има минимум три години работно искуство, поседува знаење и исуство особено од областа на финансиското и сметководственото работење.

Функцијата член на надзорниот одбор е неспојлива со функцијата пратеник во Собранието и функциите претседател и членови на Владата, како и член на Советот и градоначалник на општината.

**Член 23**

Членовите на надзорниот одбор може да присуствуваат на седниците на управниот одбор доколку управниот одбор тоа го побара од нив и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат и на членовите на управниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително ги прегледува годишните сметки и извештаи за работа на јавното претпријатие и дава свое мислење до управниот одбор. Управниот одбор не

може да ги усвои годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор.

**Член 24**

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

**Член 25**

Членовите на надзорниот одбор, ако донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука. Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.

**Член 26**

Јавното претпријатие не може на претседателот или член на управниот одбор, на претседателот или на член на надзорниот одбор или на директорот на јавното претпријатие да им дава заеми или гаранции на заеми кои тие ги склучиле со трети лица.
Преземената обврска спротивно на став 1 од овој член е ништовна и без правно дејство.

## 3. Директор

**Член 27**

Со работата на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани раководи директор што го избира градоначалникот на општина Кривогаштани и истиот има за право да го разреши. Директорот се избира со мандат од четири години, и има за право и услови за избор да определи вработен кој во негово отсуство ќе го заменува и води тековното работење на јавното претпријатие.

**Член 28**

Директорот на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани:

- организира и непосредно раководи со работењето на претпријатието,
- спроведува одлуки и заклучоци на Управниот одбор,
- учествува во спроведување на програмата за работа и развој,
- учествува во утврдување на критериумите за користење и располагање со средствата остварени со работењето на претпријатието,
- донесува одлуки за потреба од нови вработувања и за распишување на оглас за вработување на работници,
- одобрува службени патувања во земјата и странство,
- врши избор на пријавените кандидати по огласот и склучува договори за вработување за истите,

- врши распоредување на работниците во зависност од потребите во претпријатието,
- донесува одлука за престанок на работниот однос на работниците, согласно законот,
- се грижи за информирањето на работниците,
- учествува во работата на Управниот одбор без право на глас и дава мислење и предлози во врска со конкретни прашања,
- врши други работи во врска со работењето на претпријатиети, утврдени со закон, статутот и општите акти на претпријатието.

**Член 29**

Директорот склучува договор со градоначалникот на општината за уредување на односите со претпријатието, во кој подетално се уредуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно закон.

**Член 30**

Директорот е должен секои шест месеци да доставува извештај за работата на претпријатието до градоначалникот на општина Кривогаштани и до Управниот одбор.

Во извештајот од став 1 на овај член, директорот е должен особено да достави податоци за видот и обемот на работите извршени при обавување на дејноста на претпријатието, како и податоци за финансиското работење на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани.

Ако од извештајот за работата се утврдат недостатоци или загуби во финансиското работење, директорот е должен да ги отстрани во наредните шест месеци.

**Член 31**

Директорот, се разрешува од должноста и функцијата пред истекот на мандатот, во следните случаеви:

- на негово барање,
- ако се случи некоја од причините поради која, според прописите за работни односи му престанува работниот однос,
- ако не работи и не постапува според закон, статут и актите на претпријатието, не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува спротивно на нив
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика некаква штета на претпријатието,
- ако ги занемарува или не ги извршува обврските, со што настануваат нарушувања во вршењето на дејностите од јавен интерес на претпријатието,
- ако не доставува извештаи, согласно член 27 од овај статут,
- ако и по истекот на предвидениот рок, определен во член 27 став 3 од овај статут не ги отстрани недостатоците и доколку повторно во наредниот определен рок има недостатоци или загуби во финансиското работење

Градоначалникот на општината во случаите од ставот 1 на овај член ќе донесе одлука за разрешување на директорот.

До избор за нов директор, градоначалникот на општината во рок од пет дена од донесувањето на одлуката од ставот 2 на овај член именува вршител на должност директор на претпријатието, но тоа не смее да е подолго од шест месеци.

**Член 32**

Директорот, членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор, ако извршат односно донесат одлука за која знаеле или за која, со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука.

Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

**Член 33**

Одредбите од член 12 став 1 и 2 на овај статут се однесуваат и на директорот и на членовите на Надзорниот одбор на ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани.

**Член 34**

Директорот на ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани за својата работа одговара пред градоначалникот на општина Кривогаштани.

## 4. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Член 35**

Вработените во ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани имаат положба и обврски од работниот однос, согласно Законот за работни односи, Законот за вработени во јавен сектор, Законот за јавни претпријатија и Колективен договор. Внатрешната организација на работењето претставува единствена и неделива целина.

Во ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани не се основаат подружници. Конкретната организациона поставеност на претпријатието ќе се утврди со Правилникот за внатрешна организација а работните места со Правилник за систематизација на работните места.

**Член 36**

ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани во правниот промет со трети лица, истапува во свое име и за своја сметка. За обврските во правниот промет одговара со целокупниот имот.

ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани го води материјално-финансиското работење според финансиските и сметководствени прописи и стандарди за трговските друштва.

## 5. ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАШТИТА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС ВО КОМУНАЛНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 37**

Во случај на нарушување на работењето, односно ако при вршење на дејностите во ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани, претпријатието не ги извршува со закон утврдените обврски, доколку настанатата ситуација, не е последица од неизвршување на обврските од страна на основачот и истите се утврдени со актот за основање, основачот може да преземе мерки со кои ќе се обезбедуваат услови за непречено работење на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани.

**Член 38**

Под нарушување на работењето на претпријатието се подразбира:

- неизвршење на дејноста на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани,
- неостварување на програмата за работа и развој (со што им се нанесува или може да им се нанесе штета на корисниците на услугите),
- промена на основната намена на средствата на претпријатието,
- промена на основните услови за работење на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани.

**Член 39**

Во случај на нарушување на работењето на претпријатието, основачот може да ги превземе следните мерки:

- Да го разреши Управниот одбор,
- Да го разреши Надзорниот одбор,
- Да ја промени организацијата на претпријатието,
- Да го запре изврувањето, актот на претпријатието кој е спротивен со законот,
- Да го запре од изврување актот на претпријатието, ако го доведува во прашање остварувањето на основните функции на претпријатието,
- Други мерки утврдени со посебен закон со кој се уредуваат условите и начинот на вршење на одделна дејност од јавен интерес.

**Член 40**

Ако биде преземена мерката од член 36 точка 2 од на овај статут, основачот ги пренесува овластувањата на Управниот одбор на еден или повеќе претставници кои се именуваат со мандат од најмногу шест месеци.

# 6. АКТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 41**

ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани за извршување на своите надлежности и обврски ги донесува следните општи акти:

- Статут на претпријатието,

- Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места,
- Правилник за плати и надоместоци,
- Правилник за заштита при работа.

Актите мора да бидат во согласност со статутот, законите и подзаконските прописи. Сите општи акти на ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани, стапуваат на сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објават на вообичаен начин на објавување.

## 7. ИНФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

**Член 42**

ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани создава услови за вистинито, редовно и навремено информирање на работниците, како и основачите, за текот на работење и користење на услугите на претпријатието.

**Член 43**

Управниот одбор и директорот се одговорни за редовно, вистинито информирање на работниците и за севкупно работење на претпријатието, како и за други прашања кои произлегуваат од процесот на работењето.

Основачот, непосредно се информира за работата на ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани преку членовите на Управниот одбор.

Работниците се информираат преку огласна табла на претпријатието и други средства за информирање.

## 8. ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 44**

Вработените во ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани, податоците и информациите што се сметаат за деловна тајна, а кои им биле доверени или со кои биле засегнати на некој друг начин, не смеат да ги искористуваат за своја употреба или да ги предаваат на трети лица.

Вработените во ЈП ,,Пелагонија" – Кривогаштани се одговорни за издавање на деловна тајна, ако знаеле или би морале да знаат за таквото својство на податоците.

## 9. ШТРАЈК

**Член 45**

Работниците имаат право на штрајк и ќе го остваруваат во согласност на закон и Колективниот договор. Штрајкот го организира и води Штрајкувачки одбор.

**Член 46**

Штрајкувачкиот одбор и работниците кои штарајкуваат ги имаат следните обврски:

- штрајкот да го организираат и водат на начин со кој ќе се обезбеди физичка сигурност на работниците и заштита на опремата и инсталациите,
- извршување на обврските спрема граѓаните, правните лица и државните органи,
- обезбедување неопходно ниво на процесот на работа со кое нема да се загрози животот, здравјето, економската и социјалната сигурност на граѓаните и неопходното одвивање на други дејности во земјата, во обем и на начин утврден со закон од соодветната дејност од јавен интерес.

## 10. ИМОТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Член 47**

Имот на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани го сочинуваат средства, пари и права на истото.

**Член 48**

ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани, управува со средствата што основачот на актот за основање или на некој друг начин ќе го пренесат на управување на претпријатието.

**Член 49**

Со програмата за работа и развој што ја донесува Управниот одбор се утврдуваат средствата за тековно работење и развој за јавното претпријатие.

Средствата за работа и развој на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани ги обезбедуваат од:

- приходи од редовно работење,
- средства од основачите,
- средства од донации, поклони и легати,
- кредитни средства,
- други извори на средства во согласност со законот.

**Член 50**

Од приходите на претпријатието се подмируваат трошоците настанати во ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани. Вишокот на приходи се расподелува согласно со закон.

## 11. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 51**

Овој статут го донесе Управниот одбор на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани. Статутот се смета за донесен ако за него гласале повеќе од половина од вкупниот број на членови на Управен одбор.

**Член 52**

Сите акти на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани ќе се усогласат со статутот во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на овај статут.

**Член 53**

Измените и дополнувањата на овај статут ќе се вршат на начин и постапка како и при неговото донесување. Толкување на одредбите на овај статут дава Управниот одбор на ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани.

**Член 54**

Овој Статут, влегува на сила со денот на донесувањето и ќе се применува по добиената согласност од основачот, а ќе се објави и во службен гласник на општина Кривогаштани.

**Член 55**

Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот бр. 01-125/1 од 22.10.2013 година.

Бр. 01-138/1
12.06.2026 г.

ЈП ,,Пелагонија” – Кривогаштани
Претседател на Управен одбор
Сашка Комициоска

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Годишната програма за работа на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани за 2026 година**

1. Се прогласува Одлуката за давање на Согласност на Годишната програма за работа на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 25.06.2026 година.

2. Одлука за давање на Согласност на Годишната програма за работа на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-876/3
25.06.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

Врз основа на член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (“Службен веник на РМ“ бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/2007; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19,82/20,89/22,274/22, 208/24,193/2025), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ’ бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24,,), член 17 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Кривогаштани (’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата што ја одржа на ден 25.06.2026 година донесе:

**Одлука за давање на Согласност**
**на Годишната програма за работа на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани за 2026 година**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишната програма за работа на ЈП ’’Пелагонија,, Кривогаштани за 2026 година бр. 01-143/1 од 16.06.2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кривогаштани“.

Бр.08-835/4
25.06.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Одлуката за формирање на цени за издавање на објектите во зелениот пазар на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за формирање на цени за издавање на објектите во зелениот пазар на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 25.06.2026 година.

2. Одлуката за давање на Согласност на Одлуката за формирање на цени за издавање на објектите во зелениот пазар на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-876/4
25.06.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (“Службен веник на РМ“ бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/2007; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19,82/20,89/22,274/22, 208/24,193/2025), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ’ бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24,,), член 17 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Кривогаштани (’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата што ја одржа на ден 25.06.2026 година донесе:

**Одлука за давање на Согласност**
**на Одлуката за формирање на цени за издавање на објектите во зелениот пазар на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за формирање на цени за издавање на објектите во зелениот пазар на ЈП ’’Пелагонија“ Кривогаштани бр. 02-144/1 од 16.06.2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кривогаштани“.

Бр.08-835/5
25.06.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за ставање вон сила на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година**

1. Се прогласува Одлуката за ставање вон сила на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 25.06.2026 година.

2. Одлуката за ставање вон сила на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-876/5
25.06.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 25.06.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за ставање вон сила на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година**

Член 1

Со оваа Одлука се става вон сила Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година бр. 08-748/3 од 26.05.2026 година, донесен од Советот на Општина Кривогаштани.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-835/6
25.06.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година**

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 25.06.2026 година.

2. Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-876/6
25.06.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (''Службен весник на РМ'' Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ,,бр. 202/24) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 25.06.2026 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година**

1.Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 25.06.2026 година го разгледа Кварталниот извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година и донесе Заклучок за негово усвојување.

2.Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-835/7 Претседател на Совет на

25.06.2026 година Општина Кривогаштани

Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2026 година**

1. Се прогласува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 25.06.2026 година.

2. Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Кривогаштани за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-876/7 Градоначалник на
25.06.2026 година Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 95 Закон за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15 и 31/16), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 17 точка 7 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 25.06.2026 година донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА 2026г.**

1. Се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Кривогаштани за 2026 година број 08-1350/4 од 11.12.2025 година,

2. Во Програма: JD: ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ :

Дел- I- ПРОГРАМА СО ОБЕЗБЕДЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА И ПОТПИШАНИ ДОГОВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ СО НАДЛЕЖНИ МИНИСТЕРСТВА, во проект 1, делот„ Крушеани со должина од 500м„ се заменува со „ „ Крушеани со должина од 1000м,,
Вкупната вредност се зголемува за 242.000 денари обезбедени од Биро за регионален развој .

Дел II- ПРОГРАМА СО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ОД НАЦИОНАЛНИ ПРОГРАМИ И ИПА ФОНДОВИ, Проект 1: Изградба на улици во: Кривогаштани, Врбјани, Кореница, во опис на проектот се додава : ,,Кривогаштани-дел од улица Филип Втори во должина од 110м,,
Во Програма: ЈГ: ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ: Проект 2: Изработка на техничка документација за изградба на доводен цевовод од приклучна шахта Регионален водоснабдителен систем Студенчица во КО Ропотово до резервоар во Кривогаштани се брише од ПРОГРАМА СО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ОД НАЦИОНАЛНИ ПРОГРАМИ И ИПА ФОНДОВИ и се додава во ПРОГРАМА СО ОБЕЗБЕДЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Вкупна вредност на проектот: 1.000.000,00 денари обезбедени од буџет на ЕЛС Кривогаштани

Вкупната вредност на ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ не се менува

Бр.08-835/8
25.06.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на користење на дел од недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на КУД Илинден 1979 Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за давање на користење на дел од недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на КУД Илинден 1979 Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 25.06.2026 година.

2. Одлуката за давање на користење на дел од недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на КУД Илинден 1979 Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-876/8
25.06.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 и член 66 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 202/24), член 17 став 1 точка 32 и член 108 став 1 и 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (Службен гласник на Општина Кривогаштани бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 25.06.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на користење на дел од недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на КУД Илинден 1979 Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се одлучува да се даде на користење недвижен имот – дел од објект бр. 2 во површина од 18 м2 кој се наоѓа на КП бр.7551/1 ИЛ бр.2081 КО Кривогаштани (старо училиште) во сопственост на Општина Кривогаштани.

Член 2

Недвижниот имот опишан во член 1 од оваа Одлука ќе се даде на користење на КУД Илинден 1979 Кривогаштани, без надомест.

Член 3

Недвижниот имот ќе се користи за потребите на културно уметничкото друштво.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-835/9 Претседател на Совет на
25.06.2026 година Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за прифаќање на записник за расходување на дотраена опрема (електронски отпад) бр. 02-242/2 од 11.06.2026 година

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Одлуката за прифаќање на записник за расходување на дотраена опрема (електронски отпад) бр. 02-242/2 од 11.06.2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 25.06.2026 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Одлуката за прифаќање на записник за расходување на дотраена опрема (електронски отпад) бр. 02-242/2 од 11.06.2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-876/9 Градоначалник на
25.06.2026 година Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/25), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 25.06.2026 година донесе :

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Одлуката за прифаќање на записник за расходување на дотраена опрема (електронски отпад) бр. 02-242/2 од 11.06.2026 година**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за прифаќање на записник за расходување на дотраена опрема (електронски отпад) бр. 02-242/2 од 11.06.2026 година од ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-835/10
25.06.2026 година

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Андреј Ацески

---

**СОДРЖИНА**
**на акти донесени на 12-та седница на Советот на Општина Кривогаштани одржана на ден 25.06.2026 година и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**

1.Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Статутот на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани бр. 01-138/1 од 12.06.2026 г.,

- Одлука за давање на согласност на Статутот на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани бр. 01-138/1 од 12.06.2026 г.,

2. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Програмата за работа на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани за 2026 година бр. 01-143/1 од 16.06.2026 г.,

- Одлука за давање на Согласност на Програмата за работа на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани за 2026 година бр. 01-143/1 од 16.06.2026 г.,

3. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за формирање на цени за издавање на објектите во зелениот пазар на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани бр. 02-144/1 од 16.06.2026г.

- Одлука за давање на согласност на Одлуката за формирање на цени за издавање на објектите во зелениот пазар на ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани бр. 02-144/1 од 16.06.2026г.

4. Заклучок за прогласување на Одлука за ставање вон сила на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година,

- Одлука за ставање вон сила на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година,

5. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година,

- Заклучок за усвојување на Квартален извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2026 година,

6. Заклучок за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на територијата на Општина Кривогаштани за 2026 година,

- Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на територијата на Општина Кривогаштани за 2026 година,

7. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на користење на дел од недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на КУД Илинден 1979 Кривогаштани,

- Одлука за давање на користење на дел од недвижен имот сопственост на Општина Кривогаштани на КУД Илинден 1979 Кривогаштани,

8. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за прифаќање на записник за расходување на дотраена опрема (електронски отпад) бр. 02-242/2 од 11.06.2026 година,

- Одлука за давање на согласност на Одлуката за прифаќање на записник за расходување на дотраена опрема (електронски отпад) бр. 02-242/2 од 11.06.2026 година,

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**